РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА МАРТ 2012

Април 2012 година

## I. Законодавство и зајакнување на институционалниот капацитет

1. Комисијата на Европската унија, согласно член 3 и 4 од Протокол 4 од Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Службениот весник на Европска унија објавува известувања за примена на дијагонална кумулација во вид на табела. Оваа табела дава преглед на протоколите за правила на потекло кои овозможуваат примена на дијагонална кумулација и датумот од кога кумулацијата станува применлива.

   Дијагонална кумулација на потеклото се применува помеѓу Европска унија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија и Турција.

   Со последната објавата во Службен весник на Европска унија, серија Ц 63/8 од 02.03.2012, објавено е дека можностите за дијагонална кумулација во системот на кумулација помеѓу земјите од Европска унија, Турција и земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација се проширува. Имено Босна и Херцеговина и Турција започнувајки од 14.11.2012 година започнуваат со примена на нов протокол за правила за потекло кој овозможува примена на дијагонална кумулација со земјите од ЕУ и земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација. Со ова се зголемува кумулативната зона и можноста за стекнување на потекло на стоките за сите земји вклучени во дијагоналната кумулација.

   Проширувањето на кумулацијата покрај другите поволности најголемо значење и улога има за производителите во Република Македонија особено заради олеснувањето на условите за стекнување на преференцијално потекло на финалните стоки кои се извезуваат во останатите земји на кумулативната зона. На 6 март 2012 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за укинување на увозните давачки за одделни необработени благородни метали („Сл.весник на РМ“ бр. 32/12). Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозните давачки која ќе се применува до 31.12.2012 година.

2. Во месец март 2012 година, тргнувајќи од стратешката определба на Царинската управа на Република Македонија за јакнење на административниот капацитет преку професионално и стручно оспособување на вработените, а согласно Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници од 21 јануари 2011 година, Царинската управа донесе Програмата за обуки и стручно оспособување за

2012 година. Оваа програма е во функција на зголемување на ефикасноста и ефективноста на извршување на работните задачи на царинските службеници и истата е базирана на конкретните потреби наметнати од процесот на работа.

3. Владата на Република Македонија донесе Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиски критериуми и начин на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки („Сл.весник на РМ“ бр. 38/12). Со ова се врши измена на постојната уредба со додавање на нова глава, во која спортските федерации се ослободуваат од плаќање на увозни давачки за опремата која ја имаат добиено како донација или увезената опрема купена со парични средства добиени како подарок.

4. Со цел за јакнеење на довербата на јавноста за работењето на Царинската управа на Република Македонија, во текот на март 2012 година, Царинската управа донесе „Програма за публикување на месечното списание Царина за 2012/2013 година“. Со изработка и публикување на ова списание ќе се зголеми транспарентноста во работењето и ќе се овозможи поголема информираност на Владата на Република Македонија и другите институции за начинот на ефикасното и ефективно извршување на надлежностите на Царинската управа.

5. Во март 2012 година Царинската управа изврши измена на Упатството за начинот на пресметка на компензаторна давачка, компензаторна камата и казнена камата, со кое се изврши прецизирање на начинот на нивната пресметка, евидентирање и наплата.

## II. Административен капацитет

6. Во март 2012 година се реализирани 23 настани за стручно оспособување и информирање, на кои учествуваа 232 вработени во Царинската управа. Просечното времетраење на обука за вработените кои посетувале обука е 9,5 часа, а просечното времетраење на обука за секој вработен е околу 1,9 часа.

   Во текот на месецот одржани се следниве обуки, работилници, семинари и работни средби и тоа:

- обука за Законот за кривична постапка, организирана во соработка со Академијата на јавни обвинители;
- обука за измени во царинската тарифа;
- обука за измени во Царинскиот закон;

- работилница за евидентирање во сметководствената евиденција и известување на должникот за износот на давачките;
- обука за постапување со телефонската линија 197, идентификација на дрога, спречување на криумчарење и користење на опрема за преглед;
- обука за работните процеси во eDMS;
- обука за изготвување на извештаи во eDMS;
- 2 обуки за обезбедување на непрекинатост на ИКТ системите;
- основна обука за царински службеници;
- работилница за решавање на транспортните бариери на границите во регионот на Западен Балкан, во организација на Европска комисија (програма SEETO), одржана во Подгорица, Црна Гора;
- работилница за критериуми, мерки и стандарди за физичка безбедност на класифицирани информации, во организација на TAIEX, одржана во Скопје;
- обука за Законот за кривична постапка, во соработка со Академијата на јавни обвинители, одржана во Скопје;
- обука за попречување нелегални активности на граничните премини, во организација на Амбасада на САД во Република Македонија, одржана во Меѓународната полициска академија (ILEA ) во Будимпешта;
- работилница за антикорупција во јавната администрација, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација и Регионална школа за јавна администрација (РеСПА), одржана во Даниловград, Црна Гора;
- SEED обука, во организација на Европска комисија, која се одржа во Бечичи, Црна Гора.

Во текот на март претставници на Царинската управа учествуваа во следните активности:

- форум на Светската царинска организација за технологија и иновација, одржан во Куала Лумпур, Малезија;
- конференцијата за комуникациска стратегија и алатки за фондовите на ЕУ, во организација на Секретаријатот за европски прашања, одржана во Скопје;
- состанок за царинска соработка и организиран криминал, во организација на Секретаријат за европски прашања, одржан во Брисел, Белгија.

Во текот на месецот одржани се следните презентации:

- презентација на технологии за преглед на стока и возила со помош на рентген апарати во различна изведба, одржана во соработка со компанијата Dat-Con од Република Словенија;
- презентација на систем за управување со учење (електронско и далечинско учење) и курсеви за електронско учење, одржани од претставници од SIVECO – Романија,

- презентација за улогата и надлежностите на Царинската управа, одржана пред студенти од Правниот факултет од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

## III. Интегритет и борба против корупција

7. Во текот на март 2012 година се реализирани 7 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа. Врз основа на спроведените истраги, во еден случај се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е постапување спротивно на одредбите од точка 33 алинеа 1, 2 и 9 од Правилата за ред и дисциплина во Царинската управа.

8. Во март 2012 година, врз основа на спроведени истраги и дисциплински постапки донесени се 2 решенија за изречена писмена опомена, 3 решенија за запирање на постапка со утврдена одговорност и едно решение за суспендирање при повторно одлучување. Во истиот месец се донесени 13 решенија за утврдување на плата во зголемен износ (за особено ангажирање во извршување на работите и работните задачи и за значителен придонес во спречување и откривање на царински прекршоци и други недозволени дејствија), како и 4 решенија за утврдување на платата во намален износ (заради недоволно ангажирање во извршувањето на работите и работните задачи).

9. На крајот на март 2012 година, против Царинската управа беа активни 103 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од нив 32 предмети се наоѓаат во основните судови, со старост од 1 до 36 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 26 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 45 предмети со старост од 1 до 20 месеци. Во останатите парнични постапки активни се вкупно 53 предмета од кои пред Основни судови се наоѓаат 42 предмета, пред апелациони судови 4, а пред Вреховен суд 7 предмета.

   Во текот на месец март, од основните судови примена е една одлука со која е повлечена тужбата, со која се бара поништување на решение за суспензија. Исто така примени се и две пресуди од основен суд со кои е одбиено барање за надомест на штета од Царинска управа. Од страна на апелациони судови примени се вкупно 8 пресуди од работни спорови. Од нив со една пресуда уважена е жалбата на Царинска управа и потврдено отказното решение, со една е одбиена жалбата на тужителот и потврдено отказното решение, со една е одбиена жалбата од тужителот за надомест

на штета за неисплатен одмор, со една е усвоена жалбата и предмет вратен на повторно судење, со 2 е одбиена жалбата на Царинска управа на решение за повторување на постапка и со една е уважена жалбата на Царинска управа за трошоци на постапка,со едно решение одбиена е жалбата на Царинската управа поднесена против решение со кое се одбива ревизијата како недозволена. . Во останатите предмети за надомест на штета од Апелациони судови се примени вкупно 4 одлуки и тоа: со една е одбиена жалбата на тужителот за надомест на штета од Царинска управа, со една е уважена жалбата на Царинска управа и одбиено тужбеното барање за надомест на штета, со една пресуда е задолжена за надомест на штета и со една одлука е одбиено барањето за проширување на тужбата за надомест кон Царинската управа.

Во текот на овој месец од Врховниот суд на Република Македонија примена е една пресуда со која е одбиена ревизијата поднесена од тужител за надомест на штета од Царинската управа.

10. Од вкупно 218 евидентирани кривични предмети против 184 царински службеници (поранешни и сегашни), заклучно со март 2012 година, донесени се 85 првостепени осудителни пресуди од кои 68 се правосилни, а 17 се наоѓаат во постапка пред Апелационите судови. Врховниот суд во 24 случаи ги вратил предметите во повторна постапка, кои се со старост од 3 до 8 години. Кај основните судови во постапка на расправа се наоѓаат 85 предмети, а 26 кривични предмети се сеуште во фаза на судска истрага. За поднесените крични пријави против поранешни и сегашни царински службеници во 12 предмети Царинската управа нема информација во која фаза од кривичната постапка се наоѓаат. Во 10 случаи Основното јавно обвинителство ги одбило обвиненијата.

    Во текот на март 2012 година, Одделението за внатрешна инспекција изготви 5 извештаи кои се однесуваат на извршена редовна внатрешна инспекција на увозните декларациии во царинските организациони единици и начинот на спроведување на царинската постапка.

11. Во март се извршени 2 внатрешни ревизии, при што се констатирани 8 наоди и дадени се 8 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

12. Во март 2012 година преку отворената телефонска линија 197 примени се вкупно 2.344 повици или во просек 76 повици на ден. Заради полесно координирање и постапување со информациите, истите се класифицирани и доставени до надлежните служби за понатамошно постапување.

На интернет страницата на Царинската управа се објавени 55 информации, а на интранет порталот 2 информации.

Овој месец Царинската управа одговори на 90 прашања поставени преку интернет страницата или во хартиена форма.

## V. Меѓуинституционална и меѓународна соработка

13. На 28 март 2012 година се одржа редовен состанок на Советодавното тело, на кој се разгледа предложената содржина на Акциониот план за 2012 и се презентираа Проектот за имплементација на новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS), измените на Царинскиот закон и новиот начин и постапка на одобрување на одложеното плаќање на царинскиот долг.
14. Во периодот од 19-22 март 2012 година во рамките на програмата CUSTOMS 2013, претставници од Царинската управа присуствуваа на Годишниот состанок на работната група за е-царина, легални и ИТ аспекти, кој се одржа во Брисел, Белгија. На состанокот кој беше организиран од DG TAXUD/EC, беа презентирани тековните планови за развој на нови царински ИТ системи.
15. На 20 март 2012 година, во организација на Customs 2013, Царинската управа на Република Македонија, со свои претставници учествуваше на Семинар на високо ниво за почитување на законите и управување со ризик, кој се одржа во Копенхаген, Данска. На семинарот на кој имаше претставници од земјите членки на Европската унија и земјите кандидати се разговараше за промовирање на растот и економската соработка во ЕУ, заштита на општеството од опасностите и заканите по здравјето, безбедноста, сигурноста, заштита и поддршка на деловното опкружување во Европа, како и заштита на финансиските интереси на ЕУ и земјите членки.

## VI. Лиценцирање

16. Во текот на март 2012 година, Царинската управа ги издаде следните лиценци и одобренија:

- 73 одобренија за царински постапки со економски ефект;
- 24 измени на одобренија за царински постапки со економски ефект;
- 8 лиценци за вршење на застапување во царинските постапки;
- едно одобрение за вршење на работи за застапување;
- 8 одобренија за локално царинење при увоз;
- 9 одобренија за локален извоз/увоз;
- 9 одобренија со статус на овластен примач/испраќач и

– едно одобрение за простории за привремено чување.

## VII. Наплатени приходи

17. Во март 2012 година Царинската управа наплати вкупно 5.267 милиони денари (околу 85,6 милиони евра) на име буџетски приходи, од кои 4.376 милиони денари (околу 71,1 милион евра) на име буџетски приходи од увоз и 891,8 милион денари (околу 14,5 милиони евра) приходи од наплата на акциза во домашен промет.

Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки, во март 2012 година се наплатени 328 милиони денари (околу 5,3 милиони евра), што е за 3% повеќе во однос на наплатата остварена во истиот период 2011 година.

Зголемувањето на приходите од царина во март 2012 година на увозот на месо и други кланички производи (Глава 02) изнесува 30%. Увезени се 4.882 тони од овој вид стока, наспроти 4.250 тони во истиот период во 2011 година, а вредноста на увозот е зголемена за 111 милиони денари. Зголемувањето на приходите од царински давачки се должи на зголемениот обем на увоз и вредност на стоки од овој вид со плаќање на царинска стапка, наместо со примена на преференцијална царински давачки и тоа за увозот на замрзнат свински бут без коска и замрзнати јастиви парчиња без коски од живина.

Зголемување на приходите од царина за 75% во март 2012 година има и при увоз на минералните горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи и минерални восоци (Глава 27). Вредноста на увозот во март 2012 година е намалена за 2% (за 117 милиони денари) во споредба со март 2011 година и количината е намалена за 29% (за 45 илјади тони). Причина за зголемување на приходите е тоа што во март 2012 година се увезени 488 илјади тони природен гас без примена на преференцијална царинска стапка, а во март 2011 година беа увезени само 0,7 милиони тони.

Во март 2012 година има зголемување на приходите од царина за 219% при увозот на шеќер и производи од шеќер (Глава 17). Количината на увоз на овој вид стока во март 2012 година е зголемена за 8% (1.074 тони), а вредноста е намалена за 12% (68 милиони денари). Причина за зголемување на приходите е тоа што во март 2012 година увозот на овој вид стока со примена на преференцијална царинска стапка е 6% од вкупниот увоз, а во март 2011 година беше 18%. Во март 2012 година увезени се 3.436 тони бел шеќер, од кои само 52 тони со преференцијално потекло, а во март 2011

година биле увезени 2.610 тони бел шеќер, од кои 1.526 со примена на преференцијална стапка.

Зголемување на приходите од царина за 28% во март 2012 година има при увоз на облека и прибор за облека, освен плетени или хеклани производи (Глава 62). Причина за зголемување на приходите од царина е зголемената вредност на увозот во март 2012 година за 33 милиони денари (36%) во споредба со март 2011 година, а количината е зголемена за 89 тони (42%).

Податоците покажуваат дека во март 2012 година има намалување на приходите од царина при увозот на возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (Глава 87) за 24% поради намалениот обем на увоз. Во март 2012 година увезени се вкупно 3.328 возила, а во март 2011 година 3.889 возила. Вредноста на увозот во март 2012 година е за 273 милиони денари помала од увозот во истиот период во 2011 година, а количината е намалена за 1.163 тони. Причина за намалување на приходите е тоа што во март 2012 година вредноста на увозот на овој вид стока со примена на преференцијална царинска стапка е 73% од вкупната увезена вредност, а во март 2011 година беше 67%.

Приходите наплатени од ДДВ во март 2012 година изнесуваат 3.784 милиони денари (околу 61,5 милиони евра), што е за 6% повеќе во однос на наплатата остварена во истиот период 2011 година.

Најголемо зголемување на приходите од ДДВ во март 2012 година од 72,6 милиони денари (7%) има кај увозот на минералните горива, минералните масла и производите од нивна дестилација (Глава 27), поради зголемување на обемот на увоз на природен гас за кој се платени царински давачки.

Во март 2012 година зголемување на приходите од ДДВ има и кај увозот на тутун и производи за замена на тутун (Глава 24) за 219%. Количината на увоз на овој вид стока е зголемена за 756 тони (472%), а вредноста на увоз е зголемена за 496% (зголемување за 248 милиони денари). Зголемената вредност на увоз на овој вид стока е причина за зголемување на приходите.

Зголемување на приходите од ДДВ за 29% има и кај увозот на пластични маси и производи од пластични маси (Глава 39). Зголемувањето се должи на зголемената вредност на увоз на стока од оваа глава за 19% (зголемување за 143 милиони денари) и обемот на увоз во март 2012 година е зголемен за 25% (1.512 тони).

Зголемување на приходите од ДДВ има и кај увозот на предмети на уметноста, на колекции, старини (Глава 97), за околу 6%. Зголемувањето се должи на зголемената вредност на увоз на овој вид стока за 109 милиони денари, а обемот на увоз во март 2012 година е зголемен за 27%.

Намалување на приходите од ДДВ има при увозот на возилата, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (Глава 87) за приближно 89%. Количината на увоз на овој вид стока е намалена за 16%, а вредноста на увоз е намалена за 17% (намалување за 273 милиони денари).

Наплатените приходи од акциза во март 2012 година изнесуваат 1.071 милиони денари (околу 17,4 милиони евра), што е за 3% помалку во однос на истиот период во 2011 година.

Приходите од наплата на акцизи во внатрешен промет, за март 2012 година изнесуваат околу 891,8 милиони денари (околу 14,5 милиони евра), што споредено со истиот месец минатата година, претставува намалување за 10,6%.

Наплатените приходи од увоз на акцизна стока во март 2012 година изнесуваат околу 179 милиони денари (околу 2,9 милиони евра), што претставува зголемување за 61% од оствареното во истиот месец во 2011 година. Вкупните приходи од наплата на акциза за минералните масла во внатрешен промет и од увоз за март 2012 година изнесуваат 610 милиони денари, што споредено со наплатените 661 милион денари во истиот месец во 2011 година претставува намалување за 8%, односно за 51 милион денари помалку.

Приходите од акцизи кај тутунските добра во март се зголемени во однос на истиот месец минатата година за 8,7%. Во март се издадени вкупно 19,8 милиони контролни марки, што е за 26% повеќе во однос на минатата година, од кои 14,7 милиони за обележување цигари од домашно потекло и 5,1 милион контролни марки за обележување цигари од увоз.

Приходите од акцизи за алкохолните пијалоци и пивото во март 2012 година изнесуваат 47,6 милиони денари и споредени со 60,8 милиони денари во март 2011 намалени се за 22%, од кои во внатрешен промет констатирано е намалување од 25%, а од увоз констатирано е зголемување за 20%,

Приходите од вкупно наплатената акциза за пиво (од внатрешен промет и од увоз) за март изнесуваат 28,6 милиони денари и се намалени за околу 17% во однос на истиот месец во 2011 година кога се наплатени 34,4 милиони денари.

Приходот од наплатена акциза при увоз на патничките возила е намален за 12% во однос на истиот месец минатата година, при што во март 2012 година се наплатени 30,6 милиони денари, наспроти 34,6 милиони денари во 2011 година за истиот месец. Бројот на оцаринети патнички возила кои подлежат на акциза во март 2012 година е за 25% помал во однос на истиот

месец 2011 година. Вкупно се оцаринети 2.781 патничко возило кои подлежат на плаќање акциза, наспроти 3.728 патнички возила оцаринети во истиот месец минатата година.

Вкупно наплатените приходи од надоместоци во март 2012 година изнесуваат 85 милиони денари (околу 1,4 милион евра), што е за 57% повеќе од оствареното во истиот период во 2011 година. Зголемените приходи од надоместоци се должат на зголемени приходи од надоместоци на нафтените деривати.

## VIII. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

18. Врз основа на дополнителни контроли (помала декларирана вредност на стоката како основа за пресметување на увозните давачки, неправилно декларирано потекло на стоката како основа за ослободување од плаќање царини, неправилно тарифирање со примена на пониска царинска стапка и др.), во март 2012 година се донесени 243 решенија за дополнителна наплата, во вкупен износ од околу 18 милиони денари (околу 298 илјади евра).
19. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризик, во март 2012 година е извршен преглед на 749 товарни моторни возила, 611 автобуси и 1.707 патнички моторни возила, или на вкупно 3.067 транспортни средства.
20. При контроли во внатрешните царински испостави и на граничните премини, царинските работници спречија повеќе обиди за криумчарење на стока. Вкупната вредност на запленетата стока изнесува околу 6,8 милиони денари (околу 110 илјади евра), за која избегнатите давачки се проценуваат на околу 2,2 милион денари (околу 35 илјади евра). При тоа се запленети 1.270 парчиња таблети метадон, 2.560 грама хероин и девизи во износ од 6.500 евра.

Запленетата стока меѓу другото опфаќа:

- 58.813 парчиња цигари,
- 8.199 метри изолациона жица, високонапонски и бакарен кабел,
- 2.453 парчиња украси и други додатоци,
- 1.826 $м^2$ текстилна ткаенина и 718 парчиња текстилна стока,
- 1.505 парчиња сигурносни и други видови брави,
- 1.450 парчиња вентили за парно греење,
- 1.340 парчиња аквариумски животни,
- 807 парчиња разни делови,
- 500 парчиња козметика,

- 202 парчиња икони и црковни производи,
- 7 товарни моторни возила со погонско црвена нафта и др.

21. Во март 2012 година се поднесени 6 кривични пријави против 8 физички лица и 4 правни лица, од кои една кривична пријава за неовластено производство и промет со наркотици, една кривична пријава за производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување и 4 кривични пријави за за царинска измама. Избегнатите увозни давачки во случаите на царинска измама се проценуваат на околу 3,1 милион денари (околу 50,3 илјади евра).

22. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 73 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 7 барања од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа и 66 барања од царински испостави. Од вкупно примените барања за поведување на прекршочна постапка, 12 се однесуваат на акцизни прекршоци, односно користење на екстра лесно гориво обележано со црвена боја. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа, во текот на март 2012 година, реши 84 предмети во редовна и 125 предмети во итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од околу 66 илјади евра.

    Во постапка на порамнување се решени 14 предмети, при што е извршена уплата на глоба во износ од околу 2 илјади евра.

    Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност во текот на март 2012 година од Управниот суд се примени 22 тужби. Во истиот период од Управниот суд се примени 33 пресуди со кои се потврдени одлуките на Комисијата, 21 пресуда со кои се поништени одлуките на Комисијата, една пресуда со која Управниот суд одлучил мериторно и 4 пресуди со кои се отфрла тужбата. Од Врховен суд е примено едно решение со кое се одбива жалбата на Царинската Управа на Република Македонија.

23. Во март 2012 година се изречени 129 мандатни казни на сторители на царински прекршоци, во вкупен износ од околу еден милион денари (околу 17 илјади евра).

24. Поради основано сомневање за фалсификување на трговски марки, Царинската управа во март 2012 година интервенираше при повеќе обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 39.168 парчиња стока.

    Привремено задржаната стока меѓу другото опфаќа:

- 19.800 парчиња освежувачи за во кола;

- 17.580 парчиња текстилна облека;
- 535 парчиња пластични знаци;
- 321 парчиња автомобилски клучеви;
- 300 парчиња ремени;
- 219 парчиња женски чанти и
- 151 парче обувки.

Во март се донесени 28 одлуки по поднесени барања од носители на право на интелектуална сопственост, од кои:

- 18 одлуки за прифаќање на нови барања за преземање на царински дејства за трговските марки Nivea Sun, Bdf, Eucerin, Nivea, Nivea Visage, Nivea for Men, Nivea Crème, Hansaplast, Intesa, Runners, 8x4, Atrix, Labello, Hansaplast, Eucerin, Elastoplast и Beiersdorf.
- 10 одлуки за прифаќање на барања за продолжувања на рокот за трговските марки.

Оттука, заклучно со март 2012 година, Царинската управа има прифатено вкупно 347 барања за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост.

Во текот на март 2012 година, евидентирани се 9 нови случаи за кои постои сомневање дека стоката во царинската постапка повредува право од интелектуална сопственост, при што е постапено согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, односно испратени се известувања до носителите на права преку нивните застапници.

Од нив, 5 случаи се откриени во постапка при увоз на стока, додека 4 случаи се откриени во транзитна постапка.

Во согласност со горенаведеното, од вкупно 9 случаи на задржана стока, по службена должност е постапено во 2 случаи, од кои во првиот случај за стока од трговските марки Mazda, Hyundai, Skoda, Кia, Wolksvagen, Fiat, Renault, Citroen, Land Rover, Ford, Peugeot, Suzuki и Volvo, додека во вториот случај за стока од трговските марки Ferrari, Lamborghini, Honda и Yamaha.

Донесени се 6 одобренија за уништување на 2.644 парчиња стока, која повредува право од интелектуална сопственост, со ознаки на трговските марки: Adidas, Puma, Gucci, Кappa, Nike и Hugo Boss.

Уништени се вкупно 13.533 парчиња стока, и тоа текстилни производи и козметички производи од трговските марки: Hugo Boss, Lacoste, Malizia, Armanimania, Boss, Chanel, Кenzo, D&G, Christian Dior и Burberry.

Донесени се 6 одобренија за пуштање на привремено задржана стока, врз основа на кои пуштени, односно вратени на увозниците со цел спроведување на натамошна постапка се вкупно 4.280 парчиња стока и тоа:

- во 3 случаи носителот на право ја извести Царинската управа дека предметните стоки не повредуват право од интелектуална сопственост,
- во 2 случаи не е поднесено барање за преземање на царински мерки и
- во еден случај носителот на правото ја извести Царинската управа дека не е заинтересиран да постапува по случајот (во тек е утврдување на основите за укинување на издаденото одобрение).

Во сите случаи во кои се донесе одлука за пуштање на привремено задржаните стоки, Царинската управа достави известување до Државниот пазарен инспекторат со барање за преземање на дополнителни мерки во врска со тие стоки, а во рамките на законските овластувања и надлежности.